# ОФИЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА
## На Наградната игра „Со Телеком на финале на UEFA Champions League во Истанбул"

Член 1. ОРГАНИЗАТОР

Организатор на Наградната игра „Со Телеком на Финале на UEFA Champions League во Истанбул" (понатаму именувана само како: „Наградна игра") е Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје (во понатамошниот текст: „Македонски Телеком"), со седиште на „Кеј 13-ти Ноември" бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, претставувано од Никола Љушев, Главен извршен директор (во понатамошниот текст: „Организатор"). Организаторот ќе ја организира Наградната игра во согласност со овие Официјални правила на Наградната игра (во понатамошниот текст: „Официјални правила").

Член 2. ОПИС И ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

2.1. Официјалното име на Наградната игра е: „ Со Телеком на Финале на UEFA Champions League во Истанбул".

2.2. Наградната игра "Со Телеком на Финале на UEFA Champions League во Истанбул" е игра на среќа наменета за сите нови и постојни приватни корисници на Magenta 1 пакет на Македонски Телеком со активна ТВ услуга – MaxTV или MaxTV преку Android TV. Корисниците кои користат само ТВ услуга MaxTV Go немаат право на учество.

2.3. Секој учесник во Наградната игра треба да се регистрира преку Telekom MK апликацијата.
2.4. На крајот од наградната игра ќе се доделат наградите утврдени во Член 8.
2.5. Право на учество во наградната игра имаат лицата наведени во Член 5.
2.6. Условите за учество во наградната игра се утврдени во Член 6.

Член 3. ТЕРИТОРИЈА

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

Член 4. ЦЕЛ

Наградна игра се приредува со цел да се изврши промоција на ТВ услугата MaxTV во рамки на пакетот Magenta 1, која ја обезбедува Македонски Телеком на своите корисници. Наградната игра ќе се рекламира на дигитални и социјални медиуми.

Член 5. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни лица кои се приватни (резиденцијални) корисници на Македонски Телеком што користат Magenta 1 пакет со активна ТВ услуга – MaxTV или MaxTV преку Android TV и кои ќе се регистрираат за учество преку Telekom MK апликацијата.

Во наградната игра не може да учествуваат:
- деловните (бизнис) корисници на Македонски Телеком.
- Вработените во Македонски Телеком
- Приватни корисници кои користат само ТВ услуга MaxTV Go

Член 6. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО И РЕГИСТРАЦИЈА ЗА НАГРАДНАТА ИГРА

6.1. Учесник во Наградната игра може да биде лице кое има право на учество согласно Член 6 од овие Официјални правила, којшто во периодот на времетраењето на Наградната игра ги исполнува следните услови:

а) Станал нов Magenta 1 корисник или е постоен Magenta 1 корисник на Македонски Телеком со активна ТВ услуга – MaxTV или MaxTV преку Android TV во текот на времетраењето на Наградната игра.

б) се регистрирал како учесник во наградната игра преку Telekom MK мобилната апликација на Македонски Телеком, со регистрацијата учесникот добива информативна СМС порака со потврда за учество во Наградната игра.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

в) има валидна патна исправа (пасош) со важност од најмалку 6 месеци на денот на враќање во Р.С.Македонија (11.06.2023 година).

6.2 Со регистрацијата за учество во Наградната игра преку Telekom MK мобилната апликација на Македонски Телеком, корисникот ги прифаќа овие Официјални правила на Наградната игра.

Член 7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА

- Наградната игра е со времетраење од 21 ден и започнува во 00:00:00 часот на 24.04.2023, а завршува во 23:59:59 часот на 14.05.2023 година.
- Од вкупниот број на регистрирани учесници во наградната игра се извлекуваат тројца добитници, при што секој добитник добива по 2 (две) персонализирани карти за Финалето на UEFA Champions League кое ќе се одржи во Истанбул, Турција на 10.06.2023 година, со вклучен превоз и сместување во двокреветна хотелска соба.
- Секој добитник има право да избере еден придружник со кого заедно ќе патува, ќе ја дели хотелската соба и ќе го следи натпреварот.
- Извлекувањето на добитниците ќе биде по случаен избор и ќе се однесува на сите учесници во Наградната игра кои ги исполниле условите за учество во извлекувањето за наградите.

Член 8. НАГРАДЕН ФОНД

8.1. Во Наградната игра ќе бидат доделени следниве награди:

| Опис | Кол. | Единечна вредност на наградата | Вкупна вредност на наградата |
|---|---|---|---|
| | | со ДДВ | со ДДВ |
| Карти за финале на UEFA champions league - Пакет 2 карти по добитник | 3 | 85.139 | 255.417 |
| Повратен авионски превоз на дестинација Скопје - Истанбул - Скопје-Пакет 2 авионски карти по добитник | 3 | 53.400 | 160.200 |
| Сместување за шест лица во двокреветни хотелски соби - Пакет Сместување за двајца по добитник | 3 | 20.575 | 61.725 |
| **Вкупен награден фонд** | | | **477.342** |

8.2. Вкупниот награден фонд изнесува четиристотини седумдесет и седум илјади триста четириесет и два денари (477.342) денари.

8.3. Добиена награда не може да се замени за пари или други типови награди од иста вредност.

8.4. Наградниот фонд е обезбеден од страна на Македонски Телеком.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Член 9. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

9.1. Наградите ќе се извлекуваат на 15.05.2023г. во 12:00 часот во просториите на Македонски Телеком АД – Скопј,е на адреса „Кеј 13 Ноември" бр. 6, 1000 Скопје, со помош на специјален софтвер обезбеден од Македонски Телеком, кој по случаен избор го избира добитниците на наградите.

9.2 Покрај добитниците на наградите, ќе се извлекуваат и по двајца резервни добитници за секоја од трите наградни пакети со вклучена карта за финале на UEFA Champions League, превоз и сместување, и тоа прв и втор резервен добитник, поточно ќе бидат извлечени вкупно 9 учесници. Извлекувањето на наградите, односно определувањето на добитниците и резервните добитници го контролира Комисија составена од 2 (двајца) претставници од Организаторот.

9.3. За секое извршено извлекување ќе се состави записник кој ќе биде потпишан од членовите на Комисијата во кој ќе бидат наведени телефонскиот број на извлечениот добитник и добиената награда, како и телефонските броеви на резервните добитници.

Член 10. ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

10.1. Личните податоци (име и презиме) и телефонските броеви на добитниците на наградите (во формат 07X XXX XYY, каде само последните две цифри се видливи) ќе се објават на интернет страната www.telekom.mk, веднаш откако корисниците биле контактирани и потврдиле, а најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот кога е извршено извлекувањето на наградата. Списокот со добитници ќе остане објавен на веб страницата 30 (триесет) дена од извлекувањето на наградата. Личните податоци на резервните добитници не се објавуваат на интернет страницата www.telekom.mk.

10.2. Веднаш по извлекувањето, Македонски Телеком ќе го контактира секој учесник кој освоил награда преку јавување на бројот со којшто учествувал во Наградната игра, со цел да го извести за наградата и начинот на подигнување. Доколку добитникот не е достапен по 3 обиди за контактирање во период од 24 часа или пак се откажал од правото на користење на наградата, Македонски Телеком го задржува правото да ја предаде наградата на првиот резервен добитник.
Доколку и првиот резервен добитник не е достапен по 3 обиди за контактирање во период од 24 часа, Македонски Телеком го задржува правото да ја предаде наградата на вториот резервен добитник.
Доколку и вториот резервен добитник не е достапен, Македонски Телеком го задржува своето дискреционо право да не ја додели наградата и да одлучи како ќе постапи со неа.

10.3. Добитниците имаат право да ја прифатат наградата во рок од 24 (дваест и четири) часа од моментот на контактирање. Доколку добитниците не ја прифатат наградата во рок од 24 (дваест и четири) часа од моментот на контактирање, наградата се пренесува на првиот резервен добитник, кој има право да ја подигне наградата во рок од 24 (дваесет и четири) часа од моментот на контактирање од неговото известување.
Доколку и првиот резервен добитник не ја подигне наградата во определениот рок, Македонски Телеком ќе го контактира вториот резервен добитник кој има право да ја подигне наградата во рок од 24 (дваесет и четири) часа од моментот на контактирање од неговото известување.
Доколку и вториот резервен добитник не ги исполнува условите или не ја подигне наградата во дадените рокови согласно условите и правилата на Наградната игра, Македонски Телеком го задржува своето дискреционо право да не ја додели наградата.

10.4. По телефонското прифаќање на наградата, а најдоцна три дена подоцна, добитникот е должен да дојде во просториите на Македонски Телеком, при што ќе потпише Изјава за прифаќање на награда, и Согласност за обработка и објава на податоците ( име презиме, телефонски број во формат 07X XXX XYY и мејл адреса која ќе се користи за контакт и доставување на наградите и споделување други информации поврзани со наградите).

10.5. При потпишувањето на изјавата за прифаќање на наградата, учесникот – добитник на наградата треба да се легитимира себе и придружникот со приложување на патни исправи за себе и за придружникот со важност на патните исправи од најмалку 6 месеци на денот на враќање (11.06.2023 година).

10.6. Доколку добитникот на наградата ја прифаќа наградата преку полномошник, треба да има нотарски заверено полномошно, важечки документ за идентификација на ополномоштеното лице и тоа лице треба да ги покаже патните исправи наведени во Член 10.5. погоре.

10.7. Картите за Финалето на UEFA Champions League се во форма на мобилен тикет, кој ќе биде испратен на посебна iOS/Android апликација "UEFA Mobile Tickets" неколку дена пред почетокот на натпреварот, од страна на UEFA. За користење на апликацијата "UEFA Mobile Tickets", потребно е корисникот да има iOS верзија 12.1 или понова, и Android со софтверска верзија 5.0 или понова.

Добитниците ќе бидат информирани по е-пошта од страна на Организаторот за тоа кога ќе започне процесот на дистрибуција на картите на UEFA Mobile Tickets iOS/Android апликациите, при што ќе им биде споделено упатство за сите чекори околу преземањето на апликацијата, активирањето и користењето на картата во вид на порака преку е-пошта. На денот на натпреварот, корисниците ќе треба да имаат со себе полн телефон на кој е инсталирана апликацијата UEFA Mobile Tickets, вклучен Bluetooth и датум и време нагодени на локалното време (т.е.: временската зона во која ќе се одвива натпреварот). На влезот од стадионот, така спремниот телефон ќе треба да го покажат со екран на кој е отворена апликацијата UEFA Mobile Tickets.

10.8. Авионските билети корисниците ќе ги добијат најдоцна 48 часа пред полетување, на е-поштата која ја навеле во Согласноста за обработка и објава на податоци.

10.9. Потврда за хотелската резервација корисниците ќе добијат најдоцна 48 часа пред полетување на е-поштата која ја навеле во Согласноста за обработка и објава на податоци.

10.10. Подигнување на награда на каков било друг начин или од друго неовластено лице не е дозволено.

10.11. Добитникот на наградата го губи правото да ја добие соодветната награда во случај ако:

- Се откаже од примањето на наградата;
- Не е достапен за контакт и/или не ја подигне наградата во рокот утврден во член 10.4. од овие Официјални правила;
- Пред подигањето на наградата телефонскиот број преку кој учествувал во Наградната игра не е активен косрисник на Македонски Телеком, односно е привремено или целосно суспендиран или деактивиран или
- Во предвидениот рок за доделување на наградата не ги достави потребните информации и документи согласно точките 10.5. и 10.6. од овој член, кои се неопходни за доделување на наградата или не ја подигне наградата.

Член 11. ОДГОВОРНОСТ

11.1. Учесникот разбира и се согласува дека учествува во Наградната игра по своја сопствена волја и на свој сопствен ризик и трошок.

11.2. Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штети кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата.

11.3. Организаторот нема никаква одговорност пред учесниците чиј телефонски број бил искористен за учество во наградната игра од страна на трето лице.

11.4. Организаторот нема никаква одговорност за какво било доцнење или неможност да се прати или прими SMS порака или повик поради технички проблеми, доцнење во трансмисија или дефект во комуникациска линија или прекини во достапноста на Telekom MK апликацијата во текот на траењето на Наградната игра.

11.5. Организаторот на Наградната игра нема никакви одговорности поврзани со начинот на работа на UEFA Mobile Tickets апликацијата, која е изработена и во сопственост на UEFA.

11.6. Организаторот не одговара во случај кога награда не може да биде доделена или искористена поради:

- Неможност на добитникот или негов овластен претставник да ја подигне наградата во определените рокови дефинирани во Член 10.4.;
- Немање на валидна патна исправа со времетраење утврдено во член 10.5 погоре;
- Околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или секакви други околности кои се надвор од контрола на Организаторот.

Член 12. ПРИГОВОРИ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ

12.1. Во случај на несогласувања во однос на изборот, може да се поднесе приговор до Македонски Телеком, во рок од 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите, односно од 15.05.2023г. до 18.05.2023г. и тоа на адреса на деловните простории на Македонски Телеком.

12.2. Македонски Телеком е должен да одлучи по приговорот во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести подносителот.

12.3. Евентуалните недоразбирања ќе се решаваат спогодбено и во духот на добрите обичаи, а во случај на спор, истиот ќе се решава во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и пред надлежен суд во Скопје.

Член 13. ЗАМЕНИ И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДИТЕ

13.1 Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во Официјалните правила од страна на Организаторот. Замена на наградите со други предмети или во парична противвредност не е дозволена. Во ниту еден случај нема да биде доделен поголем број награди од Фондот на награди дефинирани во Член 8.

13.2. Добитниците имаат право да ја пренесат наградата на членови од потесното семејство (во истото домаќинство) или друго лице, со валидно полномошно (нотарски заверено) и важечки документ за идентификација на ополномоштеното лице.

13.3. Доколку добитникот ја подигнал наградата, но нема намера да ја реализира, потребно е најбрзо што може, а најдоцна 1 (ден) по подигнувањето да го извести Македонски Телеком.

13.4. Добитникот нема да биде одговорен во случај на околности на виша сила.

Член 14. КОНТАКТИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

14.1. Со регистрацијата за учество во Наградната игра корисникот дава согласност:

- Да се обработуваат неговите лични податоци само за целите на учество во Наградната игра;
- Да биде контактиран од страна на Македонски Телеком, со информативни и промотивни SMS пораки во врска со Наградната игра.

14.2. За учество во јавни настапи на организаторот со промотивен карактер во врска со врачување на наградите, потребна е дополнителна согласност од секој добитник. За учеството во ваквите јавни настапи, добитниците немаат право на дополнителен надомест.

14.3. Информации во врска со Наградната игра и Официјалните правила на Наградната игра може да се добијат на интернет страницата www.telekom.mk.

14.4. Овие Официјални правила влегуваат во сила од денот на нивното објавување на интернет страницата на Македонски Телеком и тоа 1 (еден) ден пред почетокот на Наградната игра, по претходно добиено одобрение од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

За Македонски Телеком АД - Скопје

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации - Скопје

-----------------------------------------------
Никола Љушев,
Главен извршен директор

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

Датум

19.04.2023